# Јавен оглас за ангажирање на надворешен проектен персонал

**Дирекцијата за заштита и спасување на Република Северна Македонија** објавува јавен оглас за ангажирање на 3 (три) надворешни експерти/консултанти за имплементација на проектот:FIREFLY – "6007070 Joint Cross Border innovative forest fires protection and prevention" во рамките на INTERREG IPA Cross Border Cooperation Programme "Greece – North Macedonia 2021-2027".

**Краток опис на проектот:**

Проектот „FireFly" има за цел да ги спречи и да управува со прекуграничните шумски пожари преку воспоставување протокол за соработка за брз одговор, ефективно следење и стратегии за интервенција. Ова го минимизира влијанието на пожарите врз екосистемите, дивиот свет, имотот и човечките животи. Клучните цели се Превенција и заштита, Градење капацитети, Иновација и Јавна свест. Шумските пожари ги преминуваат границите, предизвикувајќи брзо уништување на природните и станбените области, со што се наложуваат координирани одговори. Додека локалните напори можеби немаат доволен обем и податоци, прекуграничната соработка овозможува здружување на ресурсите за поголемо влијание.

**Зошто проектот е важен:**

Овој проект е од витално значење бидејќи регионите имаат критични шуми, локалитети од мрежата НАТУРА, мочуришта и национални паркови кои ја поддржуваат одржливоста на животната средина и туризмот. Раното откривање на пожари е од суштинско значење за ублажување на климатските промени, бидејќи шумите функционираат како јаглеродни понори; со нивното горење се ослободува CO2, што ги зголемува ризиците од дезертификација и поплави.

**Партнери и иновации:**

Разновидните партнери, со силно искуство во ЕУ проекти и широк географски опфат, обезбедуваат висококвалитетни резултати, широко влијание и трајни резултати.

Клучни иновации вклучуваат:

- Жироплан: Напреден авион кој работи во екстремни услови, не бара писта и може да послужи како брза помош во воздух.
- Систем за откривање пожари со вештачка интелигенција: Паметни камери со вештачка интелигенција и машинско учење за рано откривање пожари.
- Специјализирано противпожарно теренско возило (SUV): Се движи по тешки терени, опремено со разноврсни противпожарни алатки.
- Заеднички пилот-акции: Надзор од воздух, координирана симулација и меѓународен воздушен митинг за брзо откривање на цел.
- Симпозиум: Поврзување на лидерите од ЕУ, административните тела и цивилната заштита.

Дополнителните активности вклучуваат употреба на ГИС, обука за управување со катастрофи и прва помош, студии, студиски посети, социјални/медиумски кампањи и настани за подигнување на јавната свест. Проектот гради експертиза во напредни технологии, споделува знаење и најдобри практики и поттикнува соработка меѓу јавните тела, експертите, волонтерите и граѓаните за да се создадат отпорни, инклузивни заедници.

---

## I.ОПИС НА РАБОТНИ ПОЗИЦИИ

**Позиција бр:1**
**Проектен менаџер**

**Опис на работни задачи и одговорности:**

- Планирање и реализација на проектните активности во предвидениот рок;
- Следење на проектната апликација и спроведување на истата;
- Координација и синхронизација на проектниот персонал и проектните експерти во правец на остварување на зацртаните проектни цели;
- Следење на пропишаните регулативи и стандарди од страна на донаторот;
- Управување со проектната документација;
- Комуникација со проектните партнери, МЛСП и Договорниот орган (донаторот)

**Вештини и квалификации:**

- Минимум 180 ЕКТС;
- Работно искуство од минимум 6 години на слична или иста позиција;
- Високи организациони и комуникативни способности;
- Одлично познавање на Англиски јазик;

- Познавање на работа со компјутери;

**Логистички информации поврзани со ангажманот:**

- Ангажманот се склучува преку Договор за ангажман со ДЗС на определено време односно периодот 01.10.2025 до 26.08.2027.
- Ангажманот се базира на испорачани активности согласно договор потпишан пред почеток на ангажманот;
- За позицијата е предвиден вкупен надомест од 8.640 ЕУР бруто;
- Работното време се организира според планот за одржување на наставите;
- Вкупниот ангажман изнесува 720 работни часа во рамките на целокупниот период на ангажирање.
- Физичкото присуство не е секогаш задолжително и зависи од природата на активноста;
- Работното ангажирање е според буџетската ставка на проектот (WP1-D1.2);
- Исплатата на ангажманот се извршува на месечна основа со доставен Timesheet;

---

**Позиција бр:2**
**Финансиски менаџер**

**Опис на работни задачи и одговорности:**

- Организација на план за трошење во координација со финансискиот сектор на ДЗС
- Изработка на план буџет за тековна година во согласност со државните буџетски ставки пропишани од Министерството за финансии на Република Северна Македонија
- Подготовка на план за набавки;
- Изработка на тендерски постапки во согласност со прописите и регулативите на донаторот;
- Припрема на интерни и проектни финансиски извештаи;
- Подготовка на ребаланси во склад со прописите на донаторот;
- Изготвување на налози за исплата;
- Евиденција на трошоци по буџетски ставка;
- Изготвување на барање за средства;

**Вештини и квалификации:**

- Минимум 180 ЕКТС;
- Работно искуство од минимум 5 години на слична или иста позиција;
- Високи организациони и комуникативни способности;
- Одлично познавање на Англиски јазик;

- Познавање на работа со компјутери;
- Познавање на правилата и прописите на ЕУ за раководење со донаторски проекти;

**Логистички информации поврзани со ангажманот:**

- Ангажманот се склучува преку Договор за ангажман со ДЗС на определено време односно периодот 01.10.2025 до 26.08.2027;
- Ангажманот се базира на испорачани активности согласно договор потпишан пред почеток на ангажманот
- За позицијата е предвиден вкупен надомест од 6.000 ЕУР бруто
- Работното време се организира според планот за одржување на настаните
- Вкупниот ангажман изнесува 600 работни часа во рамките на целокупниот период на ангажирање.
- Физичкото присуство не е секогаш задолжително и зависи од природата на активноста
- Работното ангажирање е според буџетската ставка на проектот (WP1- D1.2)
- Исплатата на ангажманот се извршува на месечна основа со доставен Timesheet

---

**Позиција бр:3**
**Административен работник (асистент на проектен тим)**

**Опис на работни задачи и одговорности:**

- Придонес кон подготовка и следење на буџетот и набавките;
- Верификација на подготовките и поднесоците;
- Придонес за управување со проектот и координација;
- Придонес за Планот за квалитет и евалуација на проектот;
- Придонеси во полу-годишните извештаи за напредокот на проектот;
- Придонеси и надворешна експертиза за обуката на волонтери за управување со катастрофи, вклучително и стриминг обуки и проценки;

**Вештини и квалификации:**

- Минимум 180 ЕКТС;
- Работно искуство од минимум 3 години на слична или иста позиција;
- Високи организациони и комуникативни способности;
- Одлично познавање на Англиски јазик;
- Познавање на работа со компјутери;

- Познавање на правилата и прописите на ЕУ за раководење со донаторски проекти;

**Логистички информации поврзани со ангажманот:**

- Ангажманот се склучува преку Договор за ангажман со ДЗС на определено време односно периодот 01.10.2025 до 26.08.2027;
- Ангажманот се базира на испорачани активности согласно договор потпишан пред почеток на ангажманот
- За позицијата е предвиден вкупен надомест од 6.000 ЕУР бруто
- Работното време се организира според планот за одржување на настаните
- Вкупниот ангажман изнесува 600 работни часа во рамките на целокупниот период на ангажирање.
- Физичкото присуство не е секогаш задолжително и зависи од природата на активноста
- Работното ангажирање е според буџетската ставка на проектот (WP1-D1.2;)
- Исплатата на ангажманот се извршува на месечна основа со доставен Timesheet

---

**II.ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ**

Во прилог на пријавата кандидатите се должни да ги достават следните документи:

- Кратка биографија (CV);
- Уверение за завршено соодветно образование;
- Мотивационо писмо;

**III.НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ И РОКОВИ**

- Рокот за пријавување на јавниот оглас е 5 (пет) дена од денот на објавувањето на веб страната на „Дирекцијата за заштита и спасување“;
- Ненавремената, нецелосната, и неуредната документација нема да бидат предмет на разгледување од страна на комисијата за селекција на кандидати;
- Пријавите со целокупната потребна документација, да се достават на е-маил адресата jobs@firefly.mk со дознака во насловот на пораката за која позиција аплицира кандидатот;

# IV.КРИТЕРИУМИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА

- Селекцијата на подобните кандидати за проектен тим ќе ја врши комисија креирана од страна на Директорот на Дирекција за заштита и спасување

- Директорот на Дирекција за заштита и спасување -ДЗС го почитува начелото на еднаков третман и недискриминација во одлуките.
- Не се исклучува можноста Интервјуата да се организираат онлајн;
- Само подобни кандидати ќе бидат повикани на интервју.
- За одлуката за селекција на кандидатите ќе бидат известени само кандидатите кои ќе бидат повикани на интервју. ДЗС го задржува правото да не ги извести одбиените кандидати за причините за нивно одбивање.

## V.ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Дополнителни информации за повикот можете да добиете во просториите на „Дирекцијата за заштита и спасување“, ул. Васко Карангелески бр. 10 секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот или електронски на е-маил адресата: dzs@dzs.gov.mk

Тел.: 02 2 433 384
Факс.: 02 2 433 300
web site: www.dzs.gov.mk